

## ПОКЛОНЕНИЈА ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО РИМ

***Во Охридската книжевна школа долго време продолжила глаголската традиција. Низ целиот X и X/ век преовладувале глаголски словенски ракописи, а се јавувало и паралелно присуство на кирилските текстови. Јазикот на најстарите текстови е доста близок до кирилометодиевскиот.***

И во однос на лексиката, како и според одредени граматички својства, глаголските ракописи покажуваат поголема старина во однос на кирилските . Покрај тоа, тие откриваат одредени фази од развитокот на народниот јазик во X век: губење на еровите, нивна замена во силна позиција во О и Е, итн.

Зачуваните глаголски споменици од оваа школа влегле во старословенскиот канон. Меѓу нив особено место зазема Асемановото евангелие, изборно евангелие пишувано со обла глаголица. Денес се чува во Ватиканската библиотека. Интересно е прашањето во врска со неговото датирање, кое се движи во распон од X до крајот на X/ век. Постарата славистичка школа беше склона да го датира во X/ век, додека најновите истражувања

датирањето го поместуваат во X век.

Ова Евангелие го содржи најстариот словенски глаголски синаксар. Во него се наоѓаат словенските светители: Кирил и Методиј и Климент Охридски. Блиску до овој словенски споменик стои и Зографското глаголско евангелие.

Од кирилските споменици од овој центар кои стојат блиску до кирилометодиевската традиција, спаѓаат: Охридскиот апостол, апракос од неполн текст на апостолски читања; Добромировото евангелие, мошне значајно македонско четвороевангелие препишувано во јужномакедонски центар каде што се чувствувало и влијанието на грчкиот говор; Македонското кирилско ливче , класичен пример на старословенскиот канон и претставува дел од Методиевиот епилог (поговор) кон словенскиот превод на полниот Нов завет (или на целата Библија); Евангелието на поп Јован, македонско изборно евангелие, кое покажува доста сличности со Остромировото евангелие, Савинатакнига, Асемановото евангелие, Листовите на Ундолски, Добромировото евангелие; Болонскиот псал тир , всушност претставува толковен псалтир, пишуван во охридското село Рамне и се јавува како типичен претставник на ракописната традиција во Охрид од XIII век.



[illegible]







**Пишува: СЛАВЕЈ КАТИН**